Врз основа на член 85 од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија” бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во основното училиште

**Член 1**

Во Правилникот за начинот на водењето, формата и содржината на педагошката евиденција и документација во основното училиште ( „Службен весник на Република Македонија” бр.56/02, 36/03, 77/05, 50/07, 81/07 и 91/07 ) во членот 3 по зборовите „дневник на групата во подготвителната година „ се додаваат зборовите „ дневник за групна настава за учениците во основно музичко училиште, „ дневник за индивидуална настава за учениците во основно музичко училиште, „.

**Член 2**

По членот 9-а се додаваат два нови члена 9-б и 9-в, кои гласат:

**„Член 9-б**

Дневникот за групна настава за учениците во основно музичко училиште се води за секоја паралелка одделно и истиот на надворешната страница на предната корица содржи грб и име на Република Македонија, податоци за: името на основното музичко училиште, место, одделение, учебна година и дневник за групна настава за учениците во основно музичко училиште. Првата страна содржи грб и име на Република Македонија, податоци за: името на основното музичко училиште, место, одделение, учебна година и дневник за групна настава за учениците во основно музичко училиште и име и презиме на раководителот на паралелката. Страна 3 содржи распоред на часовите, страна 4 наставен план според кој се изведува наставата, од страна 5 до страна 19 список на учениците и оценки за успехот, од страна 21 до 32 дневник за наставна работа по денови и предмети, страна 33 и 34 дневник за слободни ученички активности, страна 35 евиденција на реализирани часови и содржини, страна 36 список на ученици кои примиле

свидетелство и на страна 37 има место за печат и потпис на раководителот на групата и директорот.

Дневникот за групна настава за учениците во основно музичко училиште се води на Образец бр.6-б со димензии 20 см Х 28 см од страна на раководителот на паралелката.

Листовите на дневникот се во корица со црвена боја и се прошиени со емственик од кои двата краја се потпечатуваат на внатрешната страна на задната корица на дневникот.

**Член 9-в**

Дневникот за индивидуална настава за учениците во основно музичко училиште се води за секој ученик одделно и истиот на надворешната страница на предната корица содржи грб и име на Република Македонија, податоци за: името на основното музичко училиште, место, дневник за индивидуална настава за учениците во основно музичко училиште, одделение, учебна година и име и презиме на ученикот/ученичката. Првата страна содржи грб и име на Република Македонија, податоци за: името на основното музичко училиште, место, одделение, учебна година, дневник за индивидуална настава за учениците во основно музичко училиште и име и презиме на наставникот. Страна 3 содржи податоци за ученикот, од страна 4 до страна 23 евиденција на наставата според наставниот план, страна 24 јавни настапи, страна 25 годишен испит и на страна 26 има место за печат и потпис на наставникот, родителот и директорот.

Дневникот за индивидуална настава за учениците во основно музичко училиште се води на Образец бр.6-в-со димензии 20 см Х 28 см од страна на наставникот кој ја изведува индивидуалната настава.

Листовите на дневникот се во корица со окер боја и се прошиени со емственик од кои двата краја се потпечатуваат на внатрешната страна на задната корица на дневникот.

**Член 3**

Во член 15 став 1 зборот по зборот „ 6-а „ сврзникот „ и ” се заменува со запирка и се додаваат зборовите „ 6-б, 6-в”.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.

2008 година

**М И Н И С Т Е Р,**
Сулејман Рушити